**20181202293**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јуни 2018 година.

Бр. 08-3999/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 98/13, 43/14, 167/14, 188/14, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 171/17), во членот 37 по ставот (10) се додава нов став (11), кој гласи:

„(11) По истекот на рокот од ставот (10) на овој член, неподигнатите контролни марки се уништуваат под царински надзор, на трошок на Царинската управа.“.

Ставот (11) станува став (12).

Член 2

Во членот 44 по ставот (12) се додава нов став (13), кој гласи:

„(13) По истекот на рокот од ставот (12) на овој член, неподигнатите контролни марки се уништуваат под царински надзор, на трошок на Царинската управа.“.

Член 3

Во членот 61-в став (1) зборовите: „точки 2), 3), 5) и 6)“ се заменуваат со зборовите: „точки 2), 4), 5), 7) и 8).“

Член 4

Контролните марки кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не се подигнати во рокот од членот 37 став (10) и членот 44 став (12) од Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 98/13, 43/14, 167/14, 188/14, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 171/17), ќе се уништат во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.